РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

12-425/3
21-06-2021

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, на 49-та седница одржана на 07.06.2021 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапувањето на ДКСК по предмет оформен по пријава број 12-425/1 од 26.01.2021 година поднесена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат подносител – месни заедници Горно Коњари и Средно Коњари.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата по увидот во содржината на пријавата и дополнителната документација утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што постапил и преземал мерки надлежен инспекторат врз основа на што е раскинат спорниот договор и е **надмината состојбата** на која се однесува пријавата.

Предметот со број 12-425/1 од 26.01.2021 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-425/1 од 26.01.2021 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – месни заедници Горно Коњари и Средно Коњари.

Со пријавата во прилог се доставени копии од преписка (петиции, претставки, известувања и сл.) кои подносителите на пријавата ја оствариле со повеќе надлежни институции во Република Северна Македонија – Општина Петровец, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за економија, АД Водостопанство, Влада на РСМ, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство. Преписките се однесуваат во врска со барања на подносителите до надлежните институции да извршат сеопфатна контрола на начинот на кој се врши експлоатација на песок и чакал од атарот на Средно Коњари и да се земат предвид нивните укажувања за неправилности во овој процес, како што се копање надвор од границите на дадената концесија, изместување на течението на реката

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Пчиња, ископот се вршел на длабочина подлабоко од дното на речното корито и др. кои доведуваат до зголемување на ерозијата, нарушување на постојниот еко систем, односно предизвикуваат еколошка катастрофа. Односно, барањата на подносителите се во насока на раскинување на договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина песок и чакал на правниот субјект ДПТТР ЕУРО ПРОГРЕС ДООЕЛ с. Долно Коњари Петровец, кој договор според нив ги предизвикува горенаведените и други штетни последици.

Од страна на Државниот инспекторат за животна средина до Државната комисија доставени се материјали од инспекциската постапка за концесионерот ЕУРО ПРОГРЕС ДООЕЛ експорт-импорт с. Долно Коњаре Петровец. Од доставените материјали видно е дека инспекторатот го информирал Министерството за економија со допис бр.02-470/1 од 06.04.2021 година (кој е доставен и до Министерство за животна средина и просторно планирање и Државен инспекторат за техничка инспекција) за спроведената инспекциска постапка и утврдената фактичка состојба а чиј основ се наведува дека се утврдени нови факти кои може да влијаат на понатамошно реализирање на концесискиот договор: член 6 и 14 од Договорот за концесија од страна на концесионерот или приватниот партнер; член 131 од Законот за водите; член 44 став 1 и 2 точка 1 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство ; член 50 и 51 од Законот за минерални суровини; член 19 од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „село Долно Коњаре", Општина Петровец (со бр.24-5731/1 од 13.11.2014 год. кој е усогласен согласно Закон за минерални суровини, со претходен Договор за концесија за експлоатација со бр.24-4039/1 од 13.04.2021 год). Вонредниот инспекциски надзор е извршен од инспектор за животна средина и водостопански инспектор кои по констатацијата дека експлоатациското поле е исполнето со вода побарале мислења и дополнителна документација соодветно од Управата за хидрометеоролошки работи, Министерството за економија и Геолошки завод. Врз основа на деталната анализа на добиената документација е констатирана новоутврдената фактичка состојба и во известувањето на Државниот инспекторат за животна средина се констатира дека неправилностите кои се констатирани не можат да бидат отстранети во разумен рок ниту пак можат да се извршат физички корекции на терен, поради што инспекторатот смета дека се исполнети условите од член 51 став 1 алинеја 14 од Законот за минерални суровини и член 44 став 1 и 2 точка 1 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство за еднострано раскинување на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „село Долно Коњаре", Општина Петровец поради повреда на одредбите од член 6 и 14 од Договорот за концесија од страна на концесионерот или приватниот партнер.

Имајќи го предвид горенаведеното, на предлог на Министерството за економија, Владата на Република Северна Македонија, врз основа на член 51 став 2 од Законот за минерални суровини, на седницата одржана на 20.04.2021 година **донесе одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „село Долно Коњаре",** Општина Петровец, бидејќи концесионерот не се